**20110711809**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 161/10), член 9 став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр. 146/09), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/06, 88/08 и 31/10), член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08 и 116/10), член 12 од Закон за вино („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/10), член 7 став 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.5.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2011 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2011, 19/2011, 27/2011 и 44/2011) во делот I во табелата во мерката 1 во колоната: „Вкупен износ на мерката во денари“ износот „3 034 750 000,00 “ се заменува со износот „2 534 750 000,00“.

Во мерката 10 во колоната „Вкупен износ на мерката во денари“ износот „1 500 000 000,00 “ се заменува со износот: „2 000 000 000,00“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3146/1
25 мај 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.